


**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА**
**Библиотека "Григор Прличев" - Охрид**
ул. "Македонски просветители " 2, 6000 Охрид, Република Северна Македонија
Телефони: (централа) 046 262-064; (директор и факс) 046 264-838



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
БИБЛИОТЕКА "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ"
Бр. 04-451/1
21. 10 2019 год.
ОХРИД


Врз основа на член 77-ж од Законот за културата (Сл.весник на РМ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, и 11/18), член 20-д став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Сл.весник на РСМ 143/19) член 21 и член 23 став 4 од Законот за работните односи (Сл.весник на РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16), член 8 од Правилникот за пополнување на работни места за даватели на јавни услуги и лица од помошно-технички кадар во НУ - Библиотека „Григор Прличев" - Охрид, а согласно Согласноста од Министерството за финансии бр. 18-2112/2 од 08.02.2019 година, в.д. директорот донесе

# О Д Л У К А

## за избор на 1(едно) лице давател на услуги по објавен оглас бр.01/2019

**Член 1**

Во врска со објавениот јавен оглас бр.01/2019 за вработување на неопределено работно време за работното место КУЛ 03 04 Д03 001; Стручен соработник во заштита на културното наследство; билиотекар во Културни манифестации, односи со јавноста, издавачка дејност, меѓународна соработка и маркетинг 1(едно) лице давател на услуги се избира лицето Владимир Куциноски.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

НУ - Библиотека „Григор Прличев" - Охрид согласно Законот за културата, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работните односи а согласно Согласноста од Министерството за финансии бр. 18-2112/2 од 08.02.2019 година, објави јавен оглас бр.01/2019 на 06.09.2019 година во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Коха" за вработување на неопределено работно време 1(едно) лице давател на услуги за работното место КУЛ 03 04 Д03 001; Стручен соработник во заштита на културното наследство; билиотекар во Културни

манифестации, односи со јавноста, издавачка дејност, меѓународна соработка и маркетинг.

Во врска со наведениот оглас согласно Известувањето за формирање Комисија за постапка за вработување во НУ - Библиотека „Григор Прличев" - Охрид бр.29-10540/2 од 08.10.2019 година доставено од Министерството за култура, в.д.директорот на Библиотеката со Решение за формирање комисија за постапка за вработување бр.04-443/1 од 16.10.2019 година формира Комисија за постапка за вработување. Комисијата за постапка за вработување по поднесените пријави на кандидатите ја спроведе постапката за вработување согласно Законот за културата и Правилникот за пополнување на работни места за даватели на јавни услуги и лица од помошно-технички кадар во НУ - Библиотека „Григор Прличев" - Охрид и изготви Записник бр.04-446/1 од 17.10.2019 година од одржаниот состанок на Комисијата за постапка за вработување од извршената административна селекција за вработување на давател на услуги по јавен оглас 01/2019 според кој е констатирано дека на огласот се пријавиле 4(четири) кандидати од кои тројца се со уредна и комплетна документација и ги исполнуваат бараните услови и тоа кандидатите:

- Магдалена Ѓероска-Радическа
- Валентина Талева и
- Владимир Куциноски

додека кандидатот Вито Вељаноски не го исполнува условот за бараниот вид на образование.

Кандидатите кои во потполност ги исполнуваа бараните услови по јавниот оглас беа уредно поканети на интервју, согласно податоците кои ги имаа оставено во Пријавата за вработување. На интервјуто присуствуваа двајца од поканетите кандидати и тоа Магдалена Ѓероска-Радическа и Владимир Куциноски, со кои на 18.10.2019 година Комисијата за постапка за вработување спроведе писмено интервју. По спроведеното интервју Комисијата за постапка за вработување изготви Записник од одржаниот состанок на Комисијата за вработување бр.04-450/1 од 18.10.2019 година, според кој како предлог кандидат за избор за работното место КУЛ 03 04 Д03 001; Стручен соработник во заштита на културното наследство; билиотекар во Културни манифестации, односи со јавноста, издавачка дејност, меѓународна соработка и маркетинг до в.д.директорот го достави лицето Владимир Куциноски.

Согласно законски определениот рок в.д.директорот на Библиотеката изврши избор за горенаведеното работно место по објавениот јавен оглас бр.01/2019 како во член 1 од диспозитивот на оваа Одлука, заради што се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Правна поука: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Управниот одбор на НУ - Библиотека „Григор Прличев" - Охрид во рок од 8(осум) дена.**

НУ - Библиотека „Григор Прличев" - Охрид
в.д.директор
Гордана Змејковска